РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за храна и ветеринарство
Agjencia e ushqimit dhe veterinarisë
Подрачна единица Струга
Njësia rajonale Strugë

Примено: Pranuar: 26 10 2026			
Орг.единица: Një.organizative:	Број: Numri:	Прилог: Shtojcë:	Вредност: Vlera:
24	130	-	-

[redacted]

ЦЕНТАР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ОПШТИНА СТРУГА
QENDRA E BASHKËSISË SË KOMUNËS SË STRUGËS

Здружение за локална демократија "Центар на заедницата на општина Струга"
Ул. Нико Нестор бр. 1/1 Струга 6330
Контакт: 070576059
infoccstruga@gmail.com
Лице за контакт: Фестим Положани

До: Агенцијата за храна и ветеринарство

Предмет: Барања за решавање на проблемот со бездомните кучиња во Струга

Почитувани,

Центарот на заедницата на општина Струга, во соработка со Институтот РЕСИС од Скопје, изработи истражувачка сторија во која е пошироко анализиран проблемот со бездомните кучиња како комунално прашање, но и како прашање на безбедноста и квалитетот на секојдневниот живот на граѓаните во Струга. Сторијата на тема „Стационар за кучињата скитници во Струга – Системско или привремено решение" е објавена на медиумот на заедницата *Локал Актив* и можете да ја најдете на овој линк.

Врз основа на истражувачката сторија, со поддршка на Институтот РЕСИС, Центарот на заедницата на општина Струга изработи и план за застапување со цел да се поттикне Агенцијата за храна и ветеринарство и другите надлежни институции да се преземат активности и мерки за решавање на овој проблем.

Врз однова на истражувањето спроведено како дел од истражувачката сторија и Планот за застапување, Ви ги упатуваме следниве конкретни барања кои се однесуваат на активностите и мерките што очекуваме да ги преземе Агенцијата за храна и ветеринарство:

***#Бараме** од* Агенцијата за храна и ветеринарство:

- да обезбеди Општина Струга и другите општини од Југозападниот плански регион да бидат активно вклучени во подготовката на регионалната проценка и мерките за управување со популацијата на бездомни кучиња, во рамките на новата национална стратегија.

Веруваме дека преку заедничка соработка ќе придонесеме кон поефикасано и сеопфатно решавање на овој проблем. За таа цел, Ве молиме да го разгледате ова барање и да предложите термин за заедничка средба, на која би разговарале поконкретно за конкретните чекори што би требало да се преземат.

Струга, 26.10. 2026

Со почит,
Фестим Положани,
Извршен директор

Здружение за локална демократија
ЦЕНТАР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ОПШТИНА СТРУГА
Струга
• QENDRA E BASHKESISE •
SE KOMUNES
SE STRUGES
Struge
Shoqata per demokraci lokale